# И С Т О Р И Ј А

## Прашања за интерната матурска

1.Каде се родени словенските просветители Кирил и Методиј?

2.Колку букви имала првата словенска азбука?

3.Како се викала првата словенска азбука?

4.Како се викал првиот владетел на Египет кој ги обединил сите номи?

5.Како се викало писмото што го создале старите Египјани?

6.Каде била создадена Месопотамија(по течението на кои реки)?

7.Кој морепловец за прв пат патувал околу светот?

8.Кој морепловец го пронашол морскиот пат за Индија?

9.Кој ја открил Америка?

10.Кога САД ја прогласил својата независност?

11.Кој бил првиот претседател на САД?

12. Кој бил првиот словенски епископ?

13.На што пишувале старите Египјани?

14.Каде била создадена египетската држава(по течението на која река)?

15.Кога било кренато Кресненското востание?

16.Кога било кренато Разловечкото востание?

17.Колку земји денес брои Европската унија?

18.Каде се одржал мировниот договор по првата балканска војна?

19. Во кој град била извршена поделбата на Македонија по втората балканска војна?

20.Кога загинал Гоце Делчев?

21.Како се викал врховниот бог кај старите Хелени?

22.Како се викал врховниот бог кај старите Римјани?

23.Хуманизмот и ренесансата се појавуваат во која земја?

24.Кога започнала првата светска војна?

25.Кога започнала втората светска војна?

26.Кога се одиграла битката на Беласица, кога царот Самуил бил поразен?

27.Каде бил крунисан царот Самуил?

28. Кој бил првиот претседател на Македонија избран на првото заседание на АСНОМ?

29.Кој научник ја конструирал парната машина?

30.Кој научник го докажал постоењето на бактериите и создал вакцина?

31.Кога биле одржани првите олимписки игри кај старите Хелени?

32.Кога е прогласена автокефалноста на МПЦ?

33.Кога била прогласена независноста на Република Македонија?

34.Која од фашистичките земји прва капитулирала во Втората светска војна?

35.Која од фашистичките земји последна капитулирала во Втората светска војна?

36.Кој е најистакнатиот уметник од периодот на ренесансата што ги насликал делата Мона Лиза и Тајната вечера?

37.Каде и кога било одржано првото заседание на АСНОМ?

38.Кој бил Претседател на Крушевската република и колку време постоела?

39.Која земја ја започнува Првата светска војна и која година?

40.Кој го извршил атентатот кој бил повод за почеток на Првата светска војна и врз кого бил извршен?

41.Со која битка Филип II ги поразил Хелените и кога се одиграла?

42.Како се викала војската на Филип II Македонски?

43.Како се викала златната монета која се ковела во времето на Филип II Македонски?

44.Како се викала престолнината на источното римско царство (Византија)?

45.Која година Константинопол паднал под власта на Османлиите?

46.Која година се одиграла битката на реката Марица?

47.Кои двајца македонски феудалци загинале во битката на реката Марица?

48.Кој бил последен крал на Прилепското кралство?

49.Каде и кога била создадена Македонската револуционерна организација?

50.Која година биле извршени солунските атентати?

51.Во кои јапонски градови биле фрлени атомските бомби во текот на Втората светска војна.

52.Кога започнува Француската буржоаска револуција?

53.Француската буржоаска револуција започнува со нападот на...?

54.Каде и кога умира Наполеон Бонапарта?

55.Кој започнал да ја проповеда новата религија ислам?

56.Во која книга е запишано учењето на муслиманите?

57.Од кој во кој град пребегнува пророкот Мухамед?

58.Како се нарекува годината на пребегнување на пророкот Мухамед?

59.Кое е најпознатото дело на античкиот писател Хомер?

60.Како се вика светата книга на христијанските верници?

61.Како се дели библијата?

62.Која година е признаено христијанството во Римската империја?

63.Кој го признава христијанството во римската империја и со кој акт?

64.Кои се најпознатите писатели на трагедии во стара Хелада?

65.Кои народи живееле на Балканскиот полуостров во стариот век?

66.Кои биле двајцата организатори на Разловечкото востание?

67.Кои држави го сочинувале воениот блок Антанта?

68.Кои држави го сочинувале воениот блок Тројниот сојуз (централните сили)?

69.Која е најпознатата мисија на браќата Кирил и Методиј и која година заминале на мисијата?

70.Која година е создадена Европската економска заедница (ЕЕЗ) и во кој град?

71.Која година е создадена Организацијата на обединети нации (ООН)?

72.Каде се наоѓа седиштето на ООН?

73. Кој ден се слави како ден на ООН?

74. Напиши ги трите најголеми битки на Александар III Македонски против Персијците?

75.Како се викале синовите на кнезот Никола, што го кренале востанието против Бугарија и Византија?

76.Кои балкански држави се судриле во Втората балканска војна?

77.Кои држави го формирале Балканскиот сојуз во Првата балканска војна?

78.Кој прв започнал да го шири христијанството во Македонија?

79.По смртта на Самуил него го наследил неговиот син …?

80.На конференцијата во Техеран антифашистичката коалиција договорила отворање на западниот фронт. Западниот фронт бил отворен со десант во ....?

81Кој политичар бил најзаслужен за обединувањето на Германија?

82.Христијанската религија се појавила во римската провинција....?

83.Како се нарекувале грчките градови-држави?

84.Првата престолнина на античка Македонија се наоѓала во.....?

85.Како се викал првиот човек кој полетал во вселената?

86.Кога започнало востанието во Македонија против фашистичкиот окупатор?

87. Според науката како настанал човекот?

88.Кои биле првите народи во древната Месопотамија?

89.Врховниот бог во стариот Египет бил?

90.Како се викало писмото кое се употребувало во Месопотамија?

91.Како се викале браќата кои го основале градот Рим?

92.Кој бил најзначајниот владетел во државата на Франките?

93.Најпознатиот симбол кај античките Македонци бил?

94.Колку македонско –римски војни имало?

95.Каде се наоѓа гробот на св.Кирил?

96.Како со друго име ги нарекувале Богомилите во Македонија?

97.По смртта на Самуил него го наследил неговиот син...?

98.Која година било кренато востанието на Петар Делјан?

99.Како се викал најпознатиот музички композитор од Македонија кој творел во средниот век?

100.Како се нарекувал Османскиот феудален систем?

101.Која година било кренато востанието на Ѓорѓи Војтех?

102.Кој бил најпознатиот император на Византија кој потекнувал од овие простори?

103.Која година било кренато востанието на Скендер- бег?

104.Според насоките на нивното населување,како се делат Словените?

105.Која година била укината Охридската архиепископија?

106.Кога дошло до расцеп меѓу источната и западната црква?

107.Колку крстоносни војни имало?

108.Каде и кога била отворена првата печатница во Македонија?

109.Берлинскиот конгрес преставува ревизија на кој претходен договор?

110.Како се викал основачот на Протестанската црква?